IT-04-82-PT
D 2-1/8165 quater
03 August 2006

2/8165 quater
KB.

**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

| | |
|---|---|
| Предмет бр.: | ИТ-04-82- ПТ |
| Датум: | 14. јуни 2006 |
| Оригинал: | англиски |

**<u>ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II</u>**

| | |
|---|---|
| Судии: | Судија Кармел Агиус, Претседавач<br>Судија Ханс Хенрик Бриденшолт<br>Судија Албин Есер |
| Секретар: | г. Ханс Холтхуис |
| Датум на поднесување: | 14. јуни 2006 |

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОВСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

# РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСОКОТ НА НАЗНАЧЕНИОТ *PRO BONO* БРАНИТЕЛ СО КОЈ СЕ БАРА ДОЗВОЛА ЗА ОДГОВОР НА „РЕАКЦИЈАТА ОД ОБВИНИТЕЛСТВОТО НА ДОВЕРЛИВИОТ 'ПОДНЕСОК НА ОБВИНЕТИОТ БОШКОСКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ'"

**<u>Канцеларијата на Обвинителот:</u>**

г. Дан Саксон
г. Вилијам Смит
г. Анеес Ахмед

**<u>Одбрана:</u>**

г-ѓа Едина Решидовиќ за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски за Јохан Тарчуловски

1/8105 quoted

**СУДСКИОТ СОВЕТ II** (понатаму во текстот: Судскиот совет) на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународниот суд);

**РЕШАВАЈЌИ** по „Поднесокот на назначениот *pro bono* бранител со кој се бара дозвола за одговор на 'Реакцијата од Обвинителството на доверливиот Поднесок на обвинетиот Бошкоски за обезбедување на правично судење'" (понатаму во текстот: Поднесок), поднесен на 19. мај 2006, во којшто бранителот на Љубе Бошкоски бара дозвола да одговори на „Реакцијата од Обвинителството на доверливиот Поднесок на обвинетиот Бошкоски за обезбедување на правично судење" и да ги изнесе своите аргументи како одговор;

**СО ОГЛЕД НА ТОА** дека Поднесокот беше поднесен откако Судскиот совет го издаде своето „Решение по Поднесокот за правично судење и за продолжување на рокот", во кое се расправа за прашањата за кои се работи во Поднесокот;

**ВО СОГЛАСНОСТ СО** правило 54 од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд;

**СО ОВА ЗАКЛУЧУВА ДЕКА** барањето изнесено во Поднесокот не е релевантно.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

**Судија Кармел Агиус**

**Претседавач**

Датирано од 14. јуни 2006,

Во Хаг

Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**